ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ ТАВТАЛИЦЕ – ДДД

СКОПЈЕ

Предлагач: Извршен одбор на Здружението

# П Р О Г Р А М А

за работа на Здружението на пензионери

Тавталице ДДД – Скопје за 2026 год.

Декември, 2026 год.

Скопје

Врз основа на член 25 став 1 точка 1 од Статутот на Здружението на пензионери Тавталиџе ДДД – Скопје, Собранието на Здружението на пензионери Тавталиџе ДДД – Скопје, на седница одржана на ден 12. 2025 год.

## ПРОГРАМА

За работа на Здружението на пензионери

Тавталиџе ДДД – Скопје за 2026 год.

Програмата за работа на Здружението за цел да се програмираат, односно предвидат активностите од делокругот за работа на Здруженоето како права и обврски кои произлегуваат од целите и задачите утврдени со член 9 од Статутот на Здружението и тоа како постојани и други тековни активности и начинот на нивното извршување.

Како Законска и Статутарна обврска носител на програмирањето на активностите е Извршниот одбор како Извршен орган на Здружението, а истовремено и извршител со неговите помошни тела и ограноците на пензионери при Здружението.

Според делокругот на работа на Здружението и нивното извршување, активностите се програмираат во две насоки и тоа:

- Активност на остварување функцијата на Собранието на Здружението според неговиот делокруг на работа утврден во член од Статутот на Здружението,
- Активности за остварување на функцијата на Извршниот одбор како Извршен орган и одговорен за својата работа пред Собранието на Здружението.

## I. Активности на Извршниот одбор

ЗА остварување на функцијата на Собранието на Здружението,според утврдениот делокруг на работа како надлежност на Собранието на Здружението произлегува и обврска на Собранието да ја оствари својата функција како највисок орган на Здружението.За да може сето тоа да се оствари,Извршниот одбор како извршен орган има Статутарна обврска благовремено да ѓи припреми како Предлог сите програмирани активности за тековната година и предложи на Собранието на Здружението за разгледување и одлучување.

Собранието на Здружението активностите ги остварува на седници кои се оджуваат по потреба.

Како и секоја година во одреден временски период според видот и содржината на матерјалите во 2026 год. се предвидува одржување на две седници и тоа во февруари – Март и Декември.

На првата седница според видот и содржината на материјалите се програмира да бидат предложени за разгледување и одлучување:

- Извештај за работа на Извршниот одбор за 2026 год.
- Извештај за финансиско работење – Годишна сметка на приходи ирасходи на Здружението за 2026 год. – текстуален дел и обрасци со
  * Извештај на Надзорниот одбор на Здружението за извршениот надзор на материјално финансиско и друго работење на Здружението,
  * Предлог Одлука за усвојување на Финансискиот Извештај.
- Иницијатива за измена и дополнување на Статутот на Здружението,
- Други материјали и информации по потреба во зависност од нивната актуелност и содржина.

На втората седница се предвидува да се предложат за разгледување и одлучување и тоа:

- Програма за работа на Здружението за 2026 год.
- Финансиски план на приходи и расходи за 2026 год.
- Предлог Одлука за донесување на Финансиски план,
- Нацрт Одлука за измена и дополнување на Статутот на Здружението со Одлука за ставање на јавен увид,
- Други материјали и иформации во зависност од нивната содржина и актуелност.

Покрај програмираните редовни седници можно е по потреба и одржување на вонредна седница, на која би се разгледувале евентуални иницијативи, информации и активности кои не се предвидени со оваа Програма во зависност од нивната актуелност по кои Собранието на Здружението треба да расправа и врз основа на претходно направената анализа да се донесе соодветни акти или одредени насоки за натамошно постапување.

## II. Други активности на Извршниот одбор

Извршниот одбор како извршен орган на Здружението, работите од неговиот делокруг кои се предвидуваат со оваа Програма ќе ги извршува непосредно и неговите помошни тела – Комисиите и Ограноците на пензионери.

а) Активности кои непосредно ќе ги извршува Извршниот одбор

Како активности кои непосредно ќе ѓи извршува Извршниот одбор се програмираат и тоа:

Заштита и унапредување на правата и интересите на членовите од областа на пензиско осигурување и здравствена заштита преку:

- Следење на прописите од областа на пензиското осигурување, како се остваруваат правата и во тој правец измени и дополнувања на прописите и усогласување на сопствените акти со нив,
- Следење на платата и усогласување на пензиите согласно со Законот на ПИОМ,
- Следење на иницијативите (или покренување на иницијативи) покренати од СЗПМ од оваа област,
- Давање мислење и предлози по покренати иницијативи од СЗПМ за донесување на одредени акти и други прашања од интерес на членовите,
- Следење на написите од СЗПМ во весникот Пензионер плус заради запознавање на и информирање на членовите.

Здравствена заштита , како и кои активности се преземаат се остварува преку Комисијата за здравство при СЗПМ, која повремено за преземените активности ѓи информира Здруженијата и во колку е потребно се постапува по нив.

2. Постојано следење на состојбите и појавите во Здружението на сите нивоа и во колку е потребно преземање на активности за благовремено отклонување за да не би се одразиле негативно во работењето на Здружението.

3. Води посебна грижа и го следи остварувањето на приходите од чланарината која се дозначува секој месец ОРО при при Регистрираната организација – СЗПМ во во сооднос 50/50 со ЗП Карпош според бројот на корисници на пензија од подрачјето на општината Карпош, која секој месец варира во зависност од порастот на бројот на корисниците на пензија.

4. СЕ грижи за наменско и рационално користење на средствата – приходите на Здружението во согласност со намените утврени со Финансискиот план на приходи и расходи за тековната година, како и др.акти на Здружението и законските регулативи од кои произлегуваат обврски.

5. По предлог на Комисијата за здравство и социјална заштита одлучува и донесува за давање еднократна парична помош на членови на Здружението според условите и критирериумите утврдени со Одлука на Извршниот одбор.

6. Ја кординира работата на ограноците на пензионери при Здружението во остварување на Програмата за работа и др.акти на Здружението во колку тоа е потребно, особено за омасовување на Здружението со нови членови.

7. Води евиденција на членовите на Здружените со изработка на Регистар на членови на Здружението.

8. Се грижи за навремено исполнување насоздадените и други обврски кои произлегуваат од актите на Здружението и прописите према заедницата и други субјекти во правниот промет

9. Организира активности во спортот, рекреацијата, културно забавниот живот преку Комисиите на Извршниот одбор.

10. За својата работа дава одчет пред Собранието на Здружението со поднесување на Извештај што остварил во тековната година.

11. Поднесува Извештај за материјално финансиско работење, односно Финансиски Извешај за остварување на приходи и расходите во тековната година, согласно утврдените намени.

12. Ќе продолжи соработката со локалната самоуправа согласно склучената Спогодба за соработка и можностите на општината.
13. Информирање на членовите на Здружението преку ограноците на пензионери за работата на Извршниот одбор и Собранието Извршниот одбор со непосредна достава на материјали и преку членовите на Извршниот одбор.
14. Поднесување на иницијатива за измена и дополнување на Статутот на Здружението.

б) остварување на активности преку помошните тела

Извршниот одбор за остварување на активностите од неговиот делокруг покрај непосредното остварување, основа и помошни тела – Комисии и тоа:
Комисија за спорт, Комисија за рекреација, Комисија за културно забавен живот и Комисија за здравство и социјална заштита, како постојани, а по укажана потреба може да се оснивaат и други повремени комисии.

1) Активности во спортот

Активностите од спортот се остваруваа преку Комисијата за спорт, која според Програма за спроведување на активностите кои се остваруваат преку Здружението треба да ѓи оствари и тоа:

- Организирање и припрема по спортски дисциплини за учество на Регионалните пензионерски спортски натпревари, на кои во колку оствари први места врши припрема за учество на Републишките пензионерски игри, кои се остваруваат во организација на СЗПМ,
- Организирање и припрема за учество на општинските пензионерски натпревари во организација на Општината Карпош.
- Со екипа за шах учествува на шаховски турнир во организација на СЗПМ на Град Скопје кој нема натпреварувачки карактер.

2) Рекреација

Рекреацијата се реализира по Програма на Комисијата за рекреација, која ја усвојува Извршниот одбор, утврдува колку и каде ќе се реализира еднодневни излети низ Републиката со посета на градовите и културно историски споменици иобјекти

По покана на одредени Здруженија присуствува на пензионерски средби на Здруженија од Републиката.

Со рекреацијата се остварува можност за дружење и заопознавање на членовите лично и помеѓу ограноците на пензионерите.

3) Културно забавен живот

Културно забавниот живот се организира и спроведува преку Комисијата за културно забавен живот со следните активности:

- Формирање и припрема на пејачка, играорна група, соло пејачи за учество на Ревијата на песни и игри 2026 год. бо организација на СЗПМ.
- Организирање на заеднички средби на членовите на Здружението по повод 8 – ми Март и Нова Година и други поводи ипокани од др.Здруженија,

- Учество на мултиетнички средби по покана од Здруженијата што ги организираат,
- Други активности од к културно забавениот живот по потреба,
- Учество во активот на жени при СЗПМ и Координационото тело со свој претпоставен.

4) Здравство и социјална заштита
   Активностите од оваа област се спроведуваат Комисија за здравство и социјална заштита и тоа:
- Предлагање давање на еднократна парична помош на членови евидентирани во ограноците на пензионери, а Одлука донесува Извршниот одбор,
- Остварува соработка со Општинскиот Црвен Крст и во договор со него организира трибини за членовите од здравствената област,
- Учество по потреба во Комисијата за здравство при СЗПМ и реализирање на одредени активности добиени од неа,
- Учествува во спроведување на одредени активности преземени од локалната самоуправа,
- Врши посета на болни членови,
- Други активности поврзани со здравствена заштита.

## III. Остварување на активности преку Ограноците на пензионери

Во ограноците на пензионеро, како основен облик на организација и работа на Здружението ќе се остваруваат следните активности:

- создавање на услови за поголеми активности и дружење на членовите на Здружението од подрачјето на Огранокот,
- омасовување на Здружението со нови членови, водење на нивна евиденција и доставување на пристапниците до Управата на Здружението,
- евидентирање на членови за давање парична помош и доставување до Комисија за здравство и социјална заштита,
- по потреба учествува на седница во работата на Извршниот одбор преку Претседателот на Огранокот,
- учествува во спроведување на евентуални активности од локалната самоуправа и други хуманитарни организации,
- по потреба одржува Собир на членови од огранокот,
- Собранието, како и други прашања во колку тоа биде потребно,
- Ги спроведува заклучоците на Извршниот одбор, како и дуги активности по потреба.

## IV. Волонтерство во Здружението

Волонтерството е активност која се остварува на принцип на доброволност.

Волонтерство во Здружението ќе спроведува во извршување на активности:

- Присуство на состаноци во Огранокот,
- Учество во спортските активности, културно забавен живот и др. активности,
- давање помош на членови поради здравствени причини, старост осаменост и неможност во целост сами да ги извршуваат своите обврски и им е потребна помош од друго лице (набавка на прехрамбени производи, посета на лекар, плаќање сметки и др.)
- посета на болни и нивна потреба од помош,
- и за друг вид потреба од помош.

Со извршување на овие активности доаѓа до израз социјално хуманитарниот карактер на Здружението.

## V. Соработка со СЗПМ и др. Здруженија

- Ќе продолжи соработката со СЗПМ со обострано доставување на писмени материјали, давање мислење по одредени материјали и учество во работата на Собранието со свој претставник,
- Соработка со СЗП на Град Скопје со учество на свој претставник, во работата на Извршниот одбор и Собранието и размена на мислења,
- Продолжување и воспоставување соработка со Здруженија на пензионери заради размена на искуства, мислења за работењето на Здруженијата, меѓусебни посети со цел за подобрување на и искуствата и работењето на Здруженијата.

## VI. Информирање

Информирањето во Здружението ќе се остварува преку:

- следење на состојбите во Здружението,
- со непосредна достава на материјалите и др. информации за кои расправаат Извршниот одбор и Собранието на Здружението,
- преку членот на Извршниот одбор од Огранокот,
- од Претседателите на ограноците на пензионери, преку нивно учество во работата на седници на Извршниот одбор,
- пошироко информирање преку весникот Пензионер плус,
- друг вид на нформирање.

## VII. Други активности и актуелни проблеми по потреба

**x x x**

Активностите од оваа програма ќе ги реализира Извршниот одбор, непосредно и преку неговите помошни тела и ограноците на пензионери при Здружението.

Средствата за реализација на оваа Програма ќе се предвидат и обезбедат со Финансискиот план на приходи и расходи на Здружението за 2025- год.

Програмата е отворена и ќе бидат разгледувани и разрешувани сите активности, проблеми и др.актуелни прашања од делокругот на работа на Здружението.

Програмата влегува во сила со денот на донесување и ќе се применува од 01.01.2026 год.

Собрание ма Здружението на пензионери
Тавталице ДДД – Скопје

Претседател
Димитрије Димовски